## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата |
| Одговорно лице и контакт информации: | Маја Малјановска, раководител на сектор<br>Е-пошта: mpsorabotka@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☒НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒Друго _Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси, со Акционен план 2011-2015_ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Нема |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 15.01.2015 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 16.02.2015 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | 26.02.2015 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

***Состојби***

Во **2006 година, Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата**, објавен во Службен весник на Република Македонија број 126/2006, беше донесен, меѓу другото, и **заради постигнување на следните цели**:

**I. Да се воведе јавност на анкетниот лист -** насловот пред член 35 и членот 35 се изменети

Со измената на членот 35, податоците од анкетниот лист претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон.
Се пропиша податоците од анкетните листови, освен податоците заштитени со закон на лицата избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал, да се објавуваат на веб-страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

ДКСК во својот Годишен извештај за 2013 година[1] оценува дека е забележан значителен пораст на поднесувањето на анкетните листови од избраните и именуваните лица, како резултат на одржаните локални избори во март 2013 година. ДКСК континуирано ги обработува новите анкетни листови и ги ажурира измените на податоците за имотната состојба така што на својата веб-страница во 2013 година ги објави податоците од сите 3.800 анкетни листови на актуелните избрани и именувани лица, согласно членот 35 од Законот, а во базата на податоци се внесени сите анкетни листови што се поднесени од 2003 година заклучно со 2013 година.
Прикажаните податоци (на веб-страницата на ДКСК) во електронска форма се превземени од анкетните листови на избраните и именуваните функционери во Република Македонија. Податоците континуирано се проверуваат и истите се менуваат кога функционерите доставуваат Анкетен лист "По стапување на функција" и "При промена на имотната состојба"[2].

Сепак, постои **проблем во имплементацијата** на одредбата од член 35, следствено и во механизмот на управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси, поради тоа што **не постои регистар на избрани и именувани лица и не се располага со целосна информација за точниот број на избрани и именувани лица кои имаат обврска да пополнат анкетен лист**. ДКСК има можност да ги користи решенијата за избор, именување и разрешување кои што се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија", што не е доволно, ако се имаат предвид надлежностите на единиците на локалната самоуправа да избираат односно именуваат функционери, одговорни лица во јавни претпријатија и јавни установи. Постапката за евидентирање и следење на евентуален судир на интереси или неспојливост на функции, како и поднесувањето барање за поведување на прекршочна постапка е дополнително отежнато поради тоа што решенијата за именување, покрај името и презимето на именуваното лице, не содржат други суштествени податоци.
И во Годишниот извештај за 2013 година, како во извештаите за претходните години, ДКСК укажува дека и понатаму се соочува со **тешкотии во обезбедувањето на основните податоци** (ЕМБГ и адреса на живеење) **за функционерите што не поднеле анкетен лист, а за кои треба да се поднесе прекршочна пријава**. За надминување на овој проблем е предвидена конкретна активност во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси 2011-2015 - измена на Законот за спречување на корупцијата во насока на воведување регистар на функционери, а обврската за доставување на податоците до ДКСК би ја имале институциите во кои се избрани или именувани носителите на функциите.
**Отсуството на регистар на избрани и именувани функционери продолжува да ја отежнува ефективната контрола на средствата и конфликтот на интереси.**[3]

---

[1] Годишен извештај за работата на ДКСК во 2013 година http://www.dksk.org.mk/images//godisen%20izvestaj%20dksk%202013 pdf
[2] Забелешка објавена на веб-страницата на ДКСК во делот посветен на Податоците од анкетните листови за имотната состојба на избраните и именуваните функционери http://dksk.org.mk/imoti_2/index.php?search=4&ime=&prezime=&funkcija=&institucija=
[3] Извештај на Европската комисија за прогресот на Република Македонија, 2014 – страница 11, параграф 4, под насловот „Борба против корупцијата" во рамки на поглавјето 2. Политички критериуми, 2.1. Демократија и Владеење на правото.

II. **Да се пропише обврската за членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата за доставување анкетен лист и пријавување промени на имотната состојба и да се утврди кој е надлежен да даде мислење во случај на сомневање за постоење на судир на интереси за член на Државната комисија** -додадени се два нови члена (член 50-а и член 50-б)

Согласно член 50-а, членот на ДКСК анкетниот лист и пријавата за промена на имотната состојба ги доставува до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и до Управата за јавни приходи. Утврдено е дека одредбите од Законот за спречување на корупцијата кои што се однесуваат на роковите за доставување на анкетниот лист, изјавата и пријавата за промена на имотната состојба, соодветно се однесуваат и за членот на ДКСК. Утврдено е одредбите кои се однесуваат на роковите за доставување на анкетниот лист, изјавата и пријавата за промена на имотната состојба соодветно се однесуваат и за членот на ДКСК.
Со овој член утврдено е кој може да поднесе и до кого се поднесува барање за испитување на имотната состојба на член на ДКСК. Така, барање за испитување на имотната состојба на член на ДКСК може да се поднесе до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и до Управата за јавни приходи.
Согласно член 50-б, во случај на сомневање за постоење на судир на интереси за член на ДКСК, се бара мислење од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Имплементацијата на овие одредби се поврзува со кредибилитетот на членовите на Државната комисија. **За да се осигури почитување на јасно утврдената законска обврска за доставување и објавување на анкетните листови и на пријавата за промена на имотната состојба од страна на членовите на ДКСК (кои се опфатени со постојните законски одредби под формулацијата „избран или именуван функционер", согласно член 33 од Законот за спречување на корупцијата), утврдено е дека е потребно прецизно уредување на постапката за доставување за објавување на анкетниот лист на членовите на ДКСК, како и утврдување на одговорност за непочитување на законската обврска.**
**Членовите на ДКСК треба да ги објават своите изјави за имот и нивните промени во текот на мандатот.**[4]

За проблемот со **транспарентноста и отчетноста во однос на следењето на имотната состојба на носителите на јавни функции и овластувања**, ДКСК предвидува три активности кои пред се насочени кон измени на постоечкиот Закон за спречување на корупцијата и Законот за спречување судир на интереси во насока на прецизирање на лицата кои имаат обврска да пријават имотна состојба и судир на интереси и кон кого да ја остварат оваа обврска (ДКСК и единици во институциите), понатаму воведување на Регистар на функционери, како и измени во делот за проверка на податоците од анкетните листови и изјавите за интереси. Предвидени се и континуирани обуки за лицата кои имаат обврска да поднесуваат анкетни листови и изјави за интереси.[5]

***<u>Стандарди и компаративни искуства</u>***

Некои општо прифатени основни принципи, во отсуство на (наместо) стандарди и препораки[6]:

I. Секоја Држава (Страна) настојува, ако е можно и во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, спроведување мерки и системи кои ќе ги обврзат државните службеници да им ги пријават на надлежните органи сите надворешни активности, секое вработување, секое распоредување, секој имот и секој подарок или значителна корист, од каде може да резултира конфликт на

[4] Предлог/препорака на Институтот за демократија Социетас Цивилис - Скопје доставено до СЕП за адресирање на препораките од Инвентарот на ЕК кои граѓанскиот сектор ги смета за особено значајни и критични.
[5] Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси, со Акционен план 2011-2015 година http://www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/drzavna%20programa/dprograma%2026 12.11.pdf
[6] Составено со преземање делови од публикациите: Income and assets declarations: Issues to consider in developing a disclosure regime. Richard Messick, U4 ISSUE 2009:6 и OECD (2011), Asset Declarations for Public Officials: A Tool to Prevent Corruption, OECD Publishing

интереси со нивните функции на државен службеник (член 8 став 5 од Конвенцијата на ОН против корупцијата).

II. Откривањето/пријавувањето може да биде доверливо или јавно. Доверливото пријавување се врши во антикорупциска агенција, врховна ревизорска институција, или друга државна институција. Законите кои уредуваат јавно обелоденување бараат агенцијата која ги прима пријавите да ги објави примените пополнети пријавни обрасци преку медиум или на интернет или на друг начин да ги направи достапни за јавноста. Од друга страна, ефективниот режим за доверливо пријавување бара агенцијата која ги прима пополнетите пријавни обрасци да биде политички неутрална и да ја ужива довербата на граѓаните. Јавното обелоденување им овозможува на граѓанското општество и на медиумите да помогнат во спроведувањето на антикорупциските политики. Јавното обелоденување се поздравува како сигнал на владината посветеност да се работи транспарентно. Доколку кај владите постои волја личните финансии на раководните високи функционери да бидат јавни, ќе се отежни затскривањето на останатите функционери и службеници зад принципите на тајност во постапки на постапување по барања за остварување на правата согласно одредбите за пристап до информации. Против јавното обелоденување стојат два приговора: 1. дека на тој начин на криминалците им се даваат информации кои функционери се богати и на тој начин се загрозува безбедноста на функционерот, неговото семејство и неговиот имот; и 2. дека на тој начин се нарушува правото на приватност. Можна е варијација на режимот на објавување, така што ќе се утврди кои информации ќе се пријавуваат и кои од нив ќе се објавуваат, а кои од нив ќе останат доверливи. Обемот на јавноста во пријавувањето на имотната состојба треба да биде доволно широк за да им помогне на гласачите во донесувањето на нивните изборни одлуки.

III. Еден начин да се намали бројот на вработени опфатени со законската обврска за пријавување на имотна состојба, без да се нарушат целите на пријавувањето, е да се стави фокусот на ризичните работни места, наместо да се опфаќаат цели нивоа на функционери/службеници.

IV. Воведувањето правни санкции не е неопходен дел од системите на пријавување имотна состојба. Каде што постои јавно обелоденување на имотната состојба, активните медиуми и граѓанското општество со нивните реакции ќе делуваат како доволни дисциплински фактори. Каде што правните санкции се користат, објавувањето на санкцијата по однос на конкретен случај може самостојно да се смета за одвраќачка мерка. Поради тоа, информацијата за применетата санкција треба исто така да биде јавна. Санкциите за непочитување на правилата за пријавување, или за задоцнето или нецелосно пријавување, вообичаено вклучуваат различни прекршочни или дисциплински мерки. Кривични санкции не се вообичаени во однос на системите за пријавување имотна состојба, сепак, тие може во принцип да се применат против давање на лажни информации во пријавите. Санкциите за службените лица на политички изборни позиции се особено чувствително прашање, бидејќи дисциплински постапки и (често) други санкции не може да се применат поради уставни принципи и поради специјалниот статус на таквите службени лица. Сепак, некои ефикасни санкции треба да бидат применливи за избраните функционери, во спротивно на нив ќе се гледа како на лица надвор од дофатот на законот.

Регистарот на избрани и именувани лица претставува инструмент кој се користи, односно е во процес на имплементација во земјите во кои избрани и именувани лица имаат обврска за пријавување на имотната состојба и судирот на интереси, со цел да се обезбеди ефикасен механизам за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и на тој начин да се обезбеди целосна и неселективна примена на одредбите кои ја пропишуваат оваа обврска.[7]

### 1.2 *Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Непрецизно дефинираниот опфат на лицата кои имаат законска обврска да доставаат анкетен лист и изјава за интереси и непрецизно утврдената постапка за објавување на

[7] Во Анекс I види извадоци од скратено компаративно истражување

анкетните листови на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата го ограничуваат механизмот на проверка на почитувањето на законската обврска за доставување анкетен лист и изјава за интереси, транспарентност и отчетност (механизам на системот за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси).

## 2. Цели на предлог регулативата

Цел 1: Воведување инструмент кој прецизно ќе го дефинира опфатот и ќе ја утврди листата на лица кои имаат законска обврска да доставaт анкетен лист.

Мерливост: Дали е воспоставен инструментот во утврдениот рок и дали се користи истиот во проверка на почитувањето на законската обврска за доставување анкетен лист.

Рок за воведување на инструментот: Датум на отпочнување со примена на предложената регулаторна мерка.

Цел 2: Прецизно уредување на постапката за доставување за објавување на анкетниот лист на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата и утврдување на одговорност за непочитување на законската обврска.

Мерливост: Објавени анкетни листови и пријави за промена на имотната состојба на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, односно поведени прекршочни постапки против членовите на Државната комисија за непочитување на законската обврска за доставување, заради објавување на анкетните листови односно пријави за промена на имотната состојба.

Рок: Датум на стапување во сила на предложената регулаторна мерка.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 *Опис на решението „не прави ништо"*

Доколку не се преземат мерки за надминување на состојбите опишани под точка 1 од овој Извештај, ќе постои зголемен ризик за неефикасно и неефективно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и нецелосна примена на одредбите од Законот за спречување на корупцијата.

Дополнително, непреземањето мерки за подобрување на транспарентноста и отчетноста претставува ризик кој директно или индиректно влијае врз перцепцијата за посветеноста на институциите во превенцијата и борбата против корупцијата која се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори кои што влијаат во создавањето перцепции за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции.

Со оглед на тоа што причините за проблемите кои се предмет на разгледување наведени под точка 1.2 се директно забележани со препораки дадени од Европската комисија, непреземањето мерки за да се одговори на истите ќе се одрази со тоа што нема да се забележи напредок по однос на слабоста на која укажува Извештајот за прогресот на Република Македонија.

Статус кво на полето на проактивноста и ефикасноста на ДКСК во спроведувањето на надлежностите во системот на управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси на избраните и именуваните лица.

### 3.2 *Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

I. *Нерегулаторни мерки:*

*Анализа, обуки и кампања за поддршка на воспоставениот систем на управување со податоците за имотната состојба* (анкетни листоци и пријави за промена на имотната состојба) и судирот на интереси (изјави за интереси).

*II. Регулаторни мерки:*

*II. а) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки:*

Со измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата да се пропише основ за воведување Регистар на избрани и именувани лица (кој ќе биде поблиску уреден со подзаконски акт) и со воспоставувањето на Регистарот да се обезбеди и унапреди управувањето со податоците за имотната состојба и судирот на интереси согласно закон и вклучително со воспоставување на Регистарот да се осигури објавувањето на анкетните листови и пријавите за промени на имотната состојба на членовите на ДКСК.

Во пресрет на примената на регулаторната мерка да се спроведат обуки и кампања.

*II. б) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки:*

Со измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата да се пропише основ за воведување Регистар на избрани и именувани лица (кој ќе биде поблиску уреден со подзаконски акт) и со воспоставувањето на Регистарот да се обезбеди унапреди управувањето со податоците за имотната состојба и судирот на интереси согласно закон. Со измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата да се уреди постапката за доставување на анкетните листови и пријавите за промени на имотната состојба на членовите на ДКСК така што Собранието на Република Македонија – Комисија за прашања на изборите и именувањата ќе биде надлежно да ги доставува анкетните листови и пријавите за промена на имотната состојба за објавување до ДКСК.

Во пресрет на примената на регулаторната мерка да се спроведат обуки и кампања.

*II. в) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки:*

Со измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата да се пропише основ за воведување Регистар на избрани и именувани лица (кој ќе биде поблиску уреден со подзаконски акт) и со воспоставувањето на Регистарот да се обезбеди унапреди управувањето со податоците за имотната состојба и судирот на интереси согласно закон, а да се уреди постапката за доставување на анкетните листови и пријавите за промена на имотната состојба на членовите на ДКСК за објавување, така што членовите ќе доставуваат примерок од анкетните листови/пријавите за промена на имотната состојба до ДКСК за објавување, а ќе се уреди и прашањето за утврдување законска одговорност на член на Државната комисија во случај на недоставување анкетен лист односно пријава за промена на имотната состојба заради објавување.

Во пресрет на примената на регулаторната мерка да се спроведат обуки и кампања.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### 4.1 *Економски влијанија*

| Опција: | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| ***Не прави ништо*** | Нема | Зголемен ризик за неефикасно и неефективно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и нецелосна примена на одредбите од Законот за спречување на корупцијата.<br>Дополнително, непреземањето мерки за подобрување на транспарентноста и отчетноста претставува ризик кој директно или индиректно влијае врз перцепцијата за посветеноста на институциите во превенцијата и борбата против корупцијата која се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори кои што влијаат во создавањето перцепции за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атлантските интеграции. Негативно влијание предизвикано од статус кво. |
| *I. **Нерегулаторни мерки*** | Подигнување на свеста за поголема транспарентност, отчетност и почитување на законските обврски за доставување на анкетен лист и пријава за промени на имотната состојба, што може до одреден степен да предизвика подобрување на состојбите и перцепциите кои се бележат и рангираат од страна на | Ризик за неефикасно и неефективно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и нецелосна примена на одредбите од Законот за спречување на корупцијата.<br>Дополнително, непреземањето конкретни мерки и законски обврски за подобрување на транспарентноста и отчетноста претставува ризик кој директно или индиректно влијае врз |

| | | |
|---|---|---|
| | меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како одреден напредок во областа. Ограничено позитивно влијание врз економијата. | перцепцијата за посветеноста на институциите во превенцијата и борбата против корупцијата која се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори кои што влијаат во создавањето перцепции за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции. Негативно влијание предизвикано од статус кво или ограничено негативно влијание |
| ***II. а) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | До одреден степен унапредување на системот за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси на избраните и именуваните лица, што позитивно ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како одреден напредок во областа. Одредено позитивно влијание врз економијата (мал напредок). | Ризик за неефикасно и неефективно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и нецелосна примена на одредбите од Законот за спречување на корупцијата.<br>Ризик кој директно или индиректно може да произведе економско влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции.<br>Одредено негативно влијание кое произлегува од ризикот за селективна примена на законот поради непрецизност, односно непостоење законски мерки за целосна примена на законските одредби согласно целите на законот. |
| ***II. б) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | До одреден степен унапредување на системот за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси на избраните и именуваните лица, што позитивно ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како одреден напредок во областа. Одредено позитивно влијание врз економијата (мал напредок). | Одреден ризик за неефикасно и неефективно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и нецелосна примена на одредбите од Законот за спречување на корупцијата.<br>Ризик кој директно или индиректно може да произведе економско влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции.<br>Одредено негативно влијание кое произлегува од ризикот за селективна примена на законот поради непостоење на конкретни законски мерки и нејасна постапка за целосна примена на законските одредби согласно целите на законот и утврдување одговорност за исполнувањето на законските обврски. |
| ***II. в) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Унапредување на системот за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси на избраните и именуваните лица, што | Нема |

| | | |
|---|---|---|
| | позитивно ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како напредок во областа. | |

4.2 *Фискални влијанија*

| Опција: | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| ***Не прави ништо*** | Нема нови фискални влијанија (без дополнителни трошоци за спроведување на постојната регулатива) | Ризик кој директно или индиректно може да произведе негативно економско, социјално и друго влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции |
| ***I. Нерегулаторни мерки*** | Фискалните импликации од спроведување на регулативата и подигнувањето на јавната свест се помали од ризикот за штета која може да биде предизвикана поради спроведување на неефикасно управување со податоците за имотната состојба и судир на интереси и нецелосно спроведување на законот согласно неговите цели | Предизвикува фискални импликации за субјектите, за обуки, средства за работа, како и административен товар и постои ризик поради ограниченоста на ефикасноста на нерегулаторните мерки. |
| ***II. а) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Фискалните импликации од спроведување на регулативата и подигнувањето на јавната свест се повеќекратно помали од ризикот за штета која може да биде предизвикана поради спроведување на неефикасно управување со податоците за имотната состојба и судир на интереси и нецелосно спроведување на законот согласно неговите цели. | Предизвикува фискални импликации за субјектите, за обуки, средства за работа, како и административен товар. |
| ***II. б) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Фискалните импликации од спроведување на регулативата и подигнувањето на јавната свест се повеќекратно помали од ризикот за штета која може да биде предизвикана поради спроведување на неефикасно управување со податоците за имотната состојба и судир на интереси и нецелосно спроведување на законот согласно неговите цели. | Предизвикува фискални импликации за субјектите, за обуки, средства за работа, како и административен товар. |
| ***II. в) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Фискалните импликации од спроведување на регулативата и подигнувањето на јавната свест се повеќекратно помали од ризикот за штета која може да биде предизвикана поради спроведување на неефикасно управување со податоците за имотната состојба и судир на интереси и нецелосно спроведување на законот | Предизвикува фискални импликации за субјектите, за обуки, средства за работа, како и административен товар. |

| | согласно неговите цели. | |
|---|---|---|

## 4.3 Социјални влијанија

| Опција: | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| ***Не прави ништо*** | Нема | Ризик кој директно или индиректно може да произведе негативно социјално влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како статус кво во областа на интегритетот. Непреземањето мерки за обезбедување целосна примена на законот и воспоставување на ефикасно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси на избраните и именуваните лица, може да има негативно социјално влијание и да го отежнува остварувањето на човековите права поради слабости на страната на механизмите за превенција и репресија на корупцијата |
| ***I. Нерегулаторни мерки*** | Подигнувањето на јавната свест и воведувањето мерки за поефикасно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси може до одреден степен директно или индиректно да произведе позитивно социјално влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, почитувањето на човековите права, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како одреден напредок во областа | Постои одреден ризик за нецелосна примена на законските одредби согласно целите на законот, како резултат на ограничени мерки за воспоставување ефикасен систем за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интерес, што пак може да предизвика негативно социјално влијание. |
| ***II. а) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Подигнувањето на јавната свест и воведувањето мерки за поефикасно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси може до одреден степен директно или индиректно да произведе позитивно социјално влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, почитувањето на човековите права, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како одреден напредок во областа. | Постои одреден ризик за нецелосна примена на законските одредби согласно целите на законот, како резултат на ограничени мерки за воспоставување ефикасен систем за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интерес, што пак може да предизвика негатицно социјално влијание. |
| ***II. б) Комбинација од*** | Подигнувањето на јавната свест и | Постои одреден ризик за нецелосна |

| | | |
|---|---|---|
| ***регулаторни и нерегулаторни мерки*** | воведувањето мерки за поефикасно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси може до одреден степен директно или индиректно да произведе позитивно социјално влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, почитувањето на човековите права, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како одреден напредок во областа | примена на законските одредби согласно целите на законот, како резултат на ограничени мерки за воспоставување ефикасен систем за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интерес, што пак може да предизвика негативно социјално влијание. |
| ***II. в) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Воведувањето мерки за поефикасно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и спроведување активности за подигнување на јавната свест може до одреден степен директно или индиректно да произведе позитивно социјално влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како одреден напредок во областа. | Нема |

## *4.4 Влијанија врз животната средина*

| Опција: | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| ***Не прави ништо*** | Нема | Ризик кој директно или индиректно може да произведе негативно влијание врз заштитата на животната средина.<br>Непреземањето мерки за обезбедување целосна примена на законот и воспоставување на ефикасно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси на избраните и именуваните лица, може да има негативно влијание и да го отежнува остварувањето на човековите права и поради слабости на страната на механизмите за превенција и репресија на корупцијата директно или индиректно да се предизвика негативно влијание врз животната средина. |
| ***I. Нерегулаторни мерки*** | Поголема видливост на посветеноста за подигнување на одреден степен на интегритет. Подобрување на примената на постојни одредби од Законот за спречување на корупцијата може до одреден степен директно или индиректно да произведе влијание во однос на заштитата | Ризик кој, поради ограниченоста на ефикасноста на нерегулаторните мерки, директно или индиректно може да произведе негативно влијание врз заштитата на животната средина.<br>Непреземањето мерки за обезбедување целосна примена на законот и воспоставување на ефикасно управување со податоците |

| | | |
|---|---|---|
| | на животната средина, што ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како одреден напредок во областа. | за имотната состојба и судирот на интереси на избраните и именуваните лица, може да има негативно влијание и да го отежнува остварувањето на човековите права и поради слабости на страната на механизмите за превенција и репресија на корупцијата директно или индиректно да се предизвика негативно влијание врз животната средина. |
| ***II. а) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Поголема видливост на посветеноста за подигнување на одреден степен на интегритет. Подобрување на примената на постојни одредби од Законот за спречување на корупцијата може до одреден степен директно или индиректно да произведе влијание во однос на заштитата на животната средина, што ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како одреден напредок во областа. | Ризикот од селективна примена на одредбите заради непрецизност на страна на мерките и ограниченоста на ефикасноста на нерегулаторните мерки, директно или индиректно може да произведе негативно влијание врз заштитата на животната средина<br>Непреземањето мерки за обезбедување целосна примена на законот и воспоставување на ефикасно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси на избраните и именуваните лица, може да има негативно влијание и да го отежнува остварувањето на човековите права и поради слабости на страната на механизмите за превенција и репресија на корупцијата директно или индиректно да се предизвика негативно влијание врз животната средина |
| ***II. б) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Поголема видливост на посветеноста за подигнување на одреден степен на интегритет. Подобрување на примената на постојни одредби од Законот за спречување на корупцијата може до одреден степен директно или индиректно да произведе влијание во однос на заштитата на животната средина, што ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како одреден напредок во областа.<br>Со унапредување на системот за управување со податоците за имотната состојба и судир на интереси се преземаат активности во насока на постепено исфрлање на размената на податоци по пат на писма во хартиена форма, односно во насока на заштеда на ресурсите, што пак ќе има позитивно влијание врз животната средина. | Нема. |
| ***II. в) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Поголема видливост на посветеноста за подигнување на одреден степен на интегритет. Подобрување на примената на постојни одредби од Законот за спречување на корупцијата може до одреден степен директно или | |

| | | |
|---|---|---|
| | индиректно да произведе влијание во однос на заштитата на животната средина, што ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како одреден напредок во областа.<br>Со унапредување на системот за управување са податоците за имотната состојба и судир на интереси се преземаат активности во насока на постепено исфрлање на размената на податоци по пат на писма во хартиена форма, односно во насока на заштеда на ресурсите, што пак ќе има позитивно влијание врз животната средина. | |

4.5 *Административни влијанија и трошоци –*

*Користена аналитичка алатка:*
*Модел на стандардни трошоци*
Метод:
За секоја административна активност пресметани се три трошковни параметри:
Цена, време и количина
Основна формула за пресметка на административниот трошок:
Административен трошок = Цена x Време x Количина (фреквенција x популација)
Согласно основната формула за пресметка на административниот трошок од административниот товар, предвидени се годишните трошоци за:

- потрошено време за запознавање со потребните информации,
- обезбедување/собирање/размена на потребните информации,
- оценка и известување со доставување на писмена и
- една дводневна обука за овластените лица во субјектите.

Трошоците за една кампања и воспоставување Регистар во електронска форма ќе бидат покриени со средства од буџетот на Твининг проектот ИПА 2010 „Поддршка за ефикасна борба против корупцијата", 2014-2016 година (издвоени средства во рамки на Компонентите 4 и 5).

Референтен број на
Субјекти:102
Лица опфатени со Регистарот:4500

*а) трошоци за спроведување*

| Опција: | Трошоци за спроведување на регулативата: |
|---|---|
| ***Не прави ништо*** | Нема трошоци. |
| ***I. Нерегулаторни мерки*** | 12.827.601 денари |
| ***II. а) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | 12.827.601 денари |
| ***II. б) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни*** | 12.834.295 денари |

| | |
|---|---|
| ***мерки*** | |
| ***II. в) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | 12.827.601 денари |

*б)трошоци за почитување на регулативата*

| Опција: | Трошоци за почитување на регулативата: |
|---|---|
| ***Не прави ништо*** | Нема трошоци. |
| ***I. Нерегулаторни мерки*** | 12.827.601 денари |
| ***II. а) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | 12.827.601 денари |
| ***II. б) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | 12.834.295 денари |
| ***II. в) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | 12.827.601 денари |

## 5. Консултации

### *5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Државна комисија за спречување на корупцијата – со членови во Работната група за изготвување измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата.

Предвид се земени препораки/предлози доставени до СЕП (за адресирање на препораките од Извештајот на ЕК кои граѓанскиот сектор ги смета за особено значајни и критични) од следните граѓански организации:

- Институтот за демократија Социетас Цивилис – Скопје;
  Препорака: „Членовите на ДКСК треба да ги објават своите изјави за имот и нивните промени во текот на мандатот. (...) Анкетните листови на лицата кои биле, а веќе не се на јавна функција, треба да бидат достапни на јавноста и по завршувањето на нивниот мандат."
- Институт за европска политика;
  Препорака: „Воведување регистар на избрани и именувани лица."
- Акциска мрежа за добро владеење;
  Препорака: „(...) регистарот на именувани и избрани функционери треба да се воведе во најкус можен рок за да се овозможи континуирано и ефективно спречување на конфликт на интереси."

Известување за почеток на процесот за проценка на влијанието на регулативата е видно објавено на веб-локацијата на Министерството за правда и на ЕНЕР на 17.11.2014 година.

- Барање за вклучување во работата на Работната група не е доставено.
- Коментари/предлози не се добиени.

### *5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

☑ Мислење од **Државната комисија за спречување на корупцијата** (со датум: 16.02.2015 година) – **без забелешки**;

☑ Мислење од **Министерството за финансии** (со датум: 16.02.2015 година) – **без забелешки**;

☑ Мислење од **Министерството за информатичко општество и администрација** (со датум: 09.02.2015 година) – **без забелешки** по однос на текстот на Предлогот на законот;

☑ Мислење од **Секретаријатот за законодавство** (со датум: 11.02.2015 година) – со забелешки за терминолошко усогласување и правно-техничко подобрување на текстот на Предлогот на законот. Забелешките се вградени и извршено е **целосно усогласување** со добиеното мислење.

☑ ↔ ☒ Мислење од **Дирекцијата за заштита на лични податоци** (со датум: 09.02.2015 година) – со забелешки. Забелешките се **делумно прифатени**, со предвидување одредби со кои се воспоставува начелото за доследна примена на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци и уредување на правата на субјектот на личните податоци (избрано или именувано лице) во однос на неговите лични податоци, заради усогласување со одредбите на член 5 став 1 алинеи 1 и 4 и став 4 и член 14 од Законот за заштита на личните податоци.

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

☒ Од мислењето на **Дирекцијата за заштита на лични податоци** (со датум: 09.02.2015 година), укажувањето

- да се утврди содржината на Регистарот на избрани и именувани лица, односно категориите на лични податоци кои ќе се собираат, обработуваат и чуваат во Регистарот на избрани и именувани лица -
  - не е прифатено поради тоа што се предвидува утврдување на формата и содржината на Регистарот по утврден концепт и спроведени активности во рамки на ИПА2010 Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата", 2014-2016, чиј носител на Државната комисија за спречување на корупцијата, по што ќе следи измена на Законот;
- да се определи периодот (рокот) за бришење на личните податоци содржани во Регистарот на избрани и именувани лица, заради усогласување со Законот за заштита на личните податоци – не е прифатено од причина што рокот е веќе предвиден во предложеното решение;

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

| Опција: | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| ***Не прави ништо*** | Нема нови фискални влијанија (без дополнителни трошоци за спроведување на постојната регулатива) | Зголемен ризик за неефикасно и неефективно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и нецелосна примена на одредбите од Законот за спречување на корупцијата Дополнително, непреземањето мерки за подобрување на транспарентноста и отчетноста претставува ризик кој директно или индиректно влијае врз перцепцијата за посветеноста на институциите во превенцијата и борбата против корупцијата која се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори кои што влијаат во создавањето перцепции за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и |

| | | |
|---|---|---|
| | | прогрес во евро-атланските интеграции.<br>Статус кво. Ризик кој директно или индиректно може да произведе негативно економско, социјално и друго влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како статус кво во областа на транспарентноста, отчетноста и управувањето со податоците имотната состојба и судирот на интереси. |
| ***I. Нерегулаторни мерки*** | Поголема видливост на посветеноста за подигнување на одреден степен на интегритет. Подобрување на примената на постојни одредби од Законот за спречување на корупцијата преку подигнување на свеста, што може до одреден степен директно или индиректно да произведе економско, социјално и друго влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како одреден напредок во областа. | Предизвикува фискални импликации.<br>Ризик кој директно или индиректно може да произведе економско влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како статус кво или одреден напредок во областа на интегритетот, со оглед на тоа што нерегулаторните мерки не одговараат на дефинираните причини за проблемот.<br>Постои ризик за неприфаќање на кампањата за подигнување на јавната свест, отпор кон спроведувањето на обуките и спроведување на анализите |
| ***II. а) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Почитувањето на меѓународните препораки и стандарди во областа, директно или индиректно ќе произведе економско влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија за почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како напредок во областа. | Предизвикува фискални импликации за субјектите, за обуки, средства за работа, и административен товар.<br>Ризик за неефикасно и неефективно управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и нецелосна примена на одредбите од Законот за спречување на корупцијата.<br>Ризик кој директно или индиректно може да произведе економско влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции<br>Одредено негативно влијание кое произлегува од ризикот за селективна примена на законот поради непрецизност, односно непостоење законски одредби и мерки со кои ќе се обезбеди целосна примена на законските одредби согласно целите на |

| | | |
|---|---|---|
| | | законот. |
| ***II. б) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Почитувањето на меѓународните препораки и стандарди во областа, директно или индиректно ќе произведе економско влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија за почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како напредок во областа. | Предизвикува фискални импликации за субјектите, за обуки, средства за работа, и административен товар.<br>Одреден ризик кој директно или индиректно може да произведе економско влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции.<br>Одредено негативно влијание кое произлегува од ризикот за селективна примена на законот поради непрецизност на законските одредби и мерки. |
| ***II. в) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Почитување на меѓународните препораки и стандарди во областа, што директно или индиректно ќе произведе економско влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија за почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како напредок во областа. | Предизвикува фискални импликации за субјектите, за обуки, средства за работа, и административен товар |

## 6.2 *Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

| Опција: | Ризик |
|---|---|
| ***Не прави ништо*** | Статус кво. Продлабочување на проблемот опишан под точка 1 од овој Извештај за ПВР. |
| ***I. Нерегулаторни мерки*** | Стандарден ризик од ефекти на нерегулаторни мерки. Обезбедување финансиски средства за покривање на финансиските импликации. Ризик кој директно или индиректно може да произведе економско влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции како статус кво или одреден напредок во областа на интегритетот, со оглед на тоа што со нерегулаторните мерки не одговараат на дефинираните причини за проблемот. |
| ***II. а) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Обезбедување финансиски средства за покривање на финансиските импликации.<br>Ризик за селективна примена на одредби. Стандардни ризици во спроведување на системска регулатива поради големиот број на субјекти.<br>Ризик поврзан со рокот за примена на одредбите кои се однесуваат на Регистарот на избрани и именувани лица. |
| ***II. б) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Обезбедување финансиски средства за покривање на финансиските импликации.<br>Товар на регулативата.<br>Ризик за селективна примена на одредби |

| | |
|---|---|
| | Стандардни ризици во спроведување на системска регулатива поради големиот број на субјекти.<br>Ризик поврзан со рокот за примена на одредбите кои се однесуваат на Регистарот на избрани и именувани лица. |
| ***II. в) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки*** | Обезбедување финансиски средства за покривање на финансиските импликации.<br>Ризик поврзан со рокот за примена на одредбите кои се однесуваат на Регистарот на избрани и именувани лица. |

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Предвид постојните состојби, постоечката правна рамка, спроведените активности во насока на воведување и примена на систем на управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси, препораките од посебните извештаи/студии во областа за состојбите во Република Македонија, а особено имајќи ги предвид компаративно анализираните странските практики и искуства, како и детектираните позитивни влијанија и ризици/можности за справување со ризиците, се препорачува решението

*II. в) Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки:*

Со измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата да се пропише основ за воведување Регистар на избрани и именувани лица (кој ќе биде поблиску уреден со подзаконски акт) и со воспоставувањето на Регистарот да се обезбеди унапреди управувањето со податоците за имотната состојба и судирот на интереси согласно закон, а да се уреди постапката за доставување на анкетните листови и пријавите за промена на имотната состојба на членовите на ДКСК за објавување, така што членовите ќе доставуваат примерок од анкетните листови/пријавите за промена на имотната состојба до ДКСК за објавување, а ќе се уреди и прашањето за утврдување законска одговорност на член на Државната комисија во случај на недоставување анкетен лист односно пријава за промена на имотната состојба заради објавување.

Во пресрет на примената на регулаторната мерка да се спроведат обуки и кампања.

Со воведувањето на Регистарот на избрани и именувани лица ќе се унапреди механизмот на системот за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и на тој начин ќе се имплементираат соодветните препораки на Европската комисија од Извештајот за прогресот на Република Македонија, 2014 година.

Регистарот/евиденцијата на избрани и именувани лица претставува инструмент кој се користи, е признаен за нужен, односно е во процес на имплементација во земјите во кои избрани и именувани лица имаат обврска за пријавување на имотната состојба и судирот на интереси, со цел да се обезбеди ефикасен механизам за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и на тој начин да се обезбеди целосна и неселективна примена на одредбите кои ја пропишуваат оваа обврска.

Воведувањето на Регистарот и прецизно уредување на постапката за доставување за објавување на анкетниот лист на членовите на ДКСК и утврдување на одговорност за непочитување на законската обврска ќе придонесат за поефикасно остварување на надлежностите на Државната комисија и унапредувањето на транспарентноста, отчетноста и примената на Законот за спречување на корупцијата согласно неговите цели и начела.

Со оглед на тоа што причините за проблемите кои се предмет на разгледување е недостигот од регулаторна мерка, Опцијата I. Нерегулаторни мерки: Анализа, обуки и кампања за поддршка на воспоставениот систем на управување со податоците за имотната состојба (анкетни листоци и пријави за промени на имотната состојба) и судирот на интереси (изјави за интереси), не се препорачува.

Предвид ризиците од селективна или нецелосна примена на одредбите од Законот кои се однесуваат на податоците за пријавување на имотната состојба, пријавување промени на имотната состојба и судир на интереси (механизам на управување со податоците за имотната состојба и судир на интереси) на избраните и именуваните лица согласно целите на Законот, предложените опции Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки II. а) и II. б) не се препорачуваат.

Опцијата II. а) - не предвидува со регулаторна мерка да се утврди постапка за доставувањето за објавување на анкетните листови и пријавите за промени на имотната

состојба на членовите на ДКСК, ниту пак пропишување одговорност за непочитување на законската обврска, така што во оваа опција доминираат нерегулаторните мерки за почитување на веќе утврдената законска обврска. Со оглед на тоа што причините за проблемите кои се предмет на разгледување се јавуваат во недостигот од регулаторна мерка и по однос на објавувањето на анкетните листови и пријавите за промени на имотната состојба на членовите на ДКСК,
ова решение не се препорачува.
Опцијата II. б) – предлага Собранието на Република Македонија – Комисија за прашања на изборите и именувањата да доставува примерок/копие од анкетните листови и пријавите за промени на имотната состојба на членовите на ДКСК до Државната комисија. Со оваа опција се предлага уредување на постапка за доставување за објавување со пропишување дополнителни чекори кои треба да бидат спроведени од страна на работно тело на Собранието на Република Македонија за остварување на законски утврдена обврска која директно се однесува и на членовите на Државната комисија, без пропишување одредби за одговорност на член на Државната комисија за непочитување на законската обврска, туку следствено би се пропишала одговорност за лицето задолжено за испраќање/доставување на примерокот/копието за објавување. Вакво решение носи дополнителен товар, ризици и трошоци, а компаративно не е познато, поради што ова решение не се препорачува.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### *7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

- Деловник за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата

Дополнителна анализа со цел целосно попишување на листата подзаконска регулатива во областа или други сродни области за кои има потреба од менување ќе биде спроведена во рамки на Твининг проектот ИПА 2010 „Поддршка за ефикасна борба против корупцијата", 2014-2016 година. Рок: декември 2015 година.

### *7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Министерот за правда ќе го донесе актот за формата содржината и начинот за водење на регистарот на избрани и именувани лица во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

### *7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

- Државна комисија за спречување на корупцијата

- други надлежни -

- Претседател на Република Македонија
- Собрание на Република Македонија
- Судски совет на Република Македонија
- Совет на јавните обвинители на Република Македонија
- Влада на Република Македонија
- Министерства
- Единици на локална самоуправа
- Други институции и органи кои вршат избори и именувања од своја надлежност.

### *7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

1. Обуки;
2. Воспоставување електронски регистар на избрани и именувани лица;
3. Изготвување упатства и насоки за пријавување лица во регистарот на избрани и именувани лица и за управување со регистарот на избрани и именувани лица
4. Одржување посебни советувања; и
5. Кампања;

Активностите ќе се спроведат во рамки на Твининг проектот ИПА 2010 „Поддршка за ефикасна борба против корупцијата", 2014-2016 година.

## 8. Следење и евалуација

### *8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Согласно Методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата, со објаснувачка анализа, со квантитативни и квалитативни податоци.
Методи: а) Собирање податоци преку кои ќе се верификува процесот на спроведување и ќе се утврдат активностите кои се преземени за спроведување на регулативата и изворите на верификација дека активностите се случиле;

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Извештај за оценка на спроведувањето на регулативата, со следните параметри и индикатори:

Параметар 1:Воспоставен Регистар на избрани и именувани лица
Индикатор 1: Регистар на избрани и именувани лица е воспоставен

Параметар 2: Број на избрани и именувани лица регистрирани во Регистарот на избрани и именувани лица (утврден опфат)
Параметар 2.1: Институциите кои вршат избори и именувања доставуваат до Државната комисија за спречување на корупцијата податоци за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата со пополнување на образец во утврдениот рок
Индикатор 2: ≥ бројот на лица објавени на веб-страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во делот Податоци од анкетните листови за имотната состојба на избраните и именуваните функционери
Индикатор 2.1: Институциите кои вршат избори и именувања доставуваат до Државната комисија за спречување на корупцијата податоци за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата со пополнување на образец во утврдениот рок

Параметар 3: Број на извршени дополнувања, изменувања, бришења или сопирања на користење на лични податоци согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата
Параметар 3.1: Број на доставени барања за дополнувања, изменувања, бришења или сопирања на користење на лични податоци согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата
Индикатор 3: ≥ бројот на доставени барања за дополнување, изменување, бришење или сопирање на користењето на лични податоци согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата

Параметар 4: Објавени анкетни листови/пријави за промена во имотната состојба на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата
Индикатор 4: Членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата ги доставиле заради објавување своите анкетни листови/пријави за промена во имотната состојба

Параметар 5: Поведени прекршочни постапки против членови на Државната комисија за спречување на корупцијата за непочитување на обврската за доставување на анкетен лист заради објавување
Индикатор 5: Број еднаков или поголем на бројот на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата кои не доставиле анкетен лист заради објавување (разлика меѓу параметар 4 и индикатор 4)

Параметар 6: Поведени прекршочни постапки против раководни лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања кои не доставиле до Државната комисија за спречување на корупцијата податоци за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата во законски утврдениот рок.
Параметар 6.1: Донесени осудителни пресуди против раководни лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања кои не доставиле до Државната комисија за спречување на корупцијата податоци за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата во законски утврдениот рок

Параметар 6.2: Донесени ослободителни пресуди против раководни лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања кои не ги доставиле до Државната комисија за спречување на корупцијата податоците за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата во законски утврдениот рок
Параметар 6.3: Обжалени пресуди донесени против раководни лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања кои не ги доставиле до Државната комисија за спречување на корупцијата податоците за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата во законски утврдениот рок
Параметар 6.4: Изречени глоби за прекршок на раководни лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања кои не ги доставиле до Државната комисија за спречување на корупцијата податоците за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата во законски утврдениот рок (издвоени износи по лице)
Параметар 6.5: Изречени глоби за прекршок на институциите и органите кои вршат избори и именувања кои не ги доставиле до Државната комисија за спречување на корупцијата податоците за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата во законски утврдениот рок (издвоени износи по институција/орган)
Параметар 6.6: Поведени прекршочни постапки против лица овластени од раководни лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања задолжени да достават до Државната комисија за спречување на корупцијата податоци за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата во законски утврдениот рок
Параметар 6.7: Донесени осудителни пресуди против лица овластени од раководни лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања задолжени да достават до Државната комисија за спречување на корупцијата податоци за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата во законски утврдениот рок
Параметар 6.8: Донесени ослободителни пресуди против лица овластени од раководни лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања задолжени да достават до Државната комисија за спречување на корупцијата податоци за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата во законски утврдениот рок
Параметар 6.9: Обжалени пресуди донесени против лица овластени од раководни лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања задолжени да достават до Државната комисија за спречување на корупцијата податоци за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата во законски утврдениот рок
Параметар 6.10: Изречени глоби за прекршок на лица овластени од раководни лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања задолжени да достават до Државната комисија за спречување на корупцијата податоци за лицата од член 33 став (1) од Законот за спречување на корупцијата во законски утврдениот рок (издвоени износи по лице)
Индикатор 6, 6.1, 6.2, 6.3, 6.6, 6.7, 6.8 и 6.9: Разлика меѓу параметар 2.1 и индикатор 2.1
Индикатор 6.4 и 6.10: Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност
Индикатор 6.5: Глоба во износ од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност

Рок: 5 години од почетокот на примената на Законот којшто се предлага со оваа Проценка на влијанието на регулативата.

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 14.05.2015

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**D-r Adnan Jashari**

Изготвил: Елена Димовска, помлад соработник
Согласен: Маја Малјановска, раководител на сектор
Одобрил: Илија Ристовски, државен секретар